**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр. 36
1000 Скопје

triglav

# Дополнителни услови за осигурување на студенти за време на престој во странство од последици на несреќен случај

УС-нуц-СИП
20-12-мк

## член 1: општи одредби

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови се составен дел од договорот за осигурување на студенти за време на престој во странство од последици на несреќен случај.

[2] Осигурување по овие Дополнителни услови може да договорат студенти на факултети, виши, високи и други школи кои преку своите организации заминуваат во странство на пракса, студии или поради други задачи во врска со студиите. Осигурувањето може да го договорат и самите школи, односно факултети.

## член 2: осигурени лица

[1] Лицата наведени во член 1, став (1) од овие Дополнителни услови се осигуруваат без оглед на нивната здравствена состојба и општа работоспособност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4 став (3) од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.

## член 3: траење на осигурувањето и покритието

[1] Осигурителното покритие започнува со заминувањето на студентот од домот, на пат за странство, но не пред почетокот на осигурувањето наведен на полисата и трае до враќањето во домот, но најдоцна до 24:00 часот оној ден кој во полисата е наведен како крај на осигурувањето.

[2] Осигурувањето може да се продолжи со додаток кон полисата и доплата на премија.

## член 4: опсег на обврските на осигурувачот

[1] Кај осигурувањето по овие Дополнителни услови, осигурувачот исплаќа:

1) поврат на вистинските трошоци за погреб и трошоците за превоз, но најмногу до сумата на осигурување за случај смрт од несреќен случајна лицето кое ќе докаже дека ги платило трошоците, а остатокот до осигурената сума за случај смрт од несреќен случај, на корисникот на осигурувањето;
2) цела сума на осигурување за инвалидитет ако дел од таа сума, ако осигуреникот поради несреќен случај стане делумен инвалид;
3) поврат на неопходните трошоци за лекување до износ наведен во полисата, ако на осигуреникот му била потребна лекарска помош поради несреќен случај или болест кој се случил за времетраењето на осигурувањето, освен трошоците за лекување заби, за очила и ортопедски помагала, ако тие трошоци не настанале како последица на несреќен случај.

## член 5: пријава на осигурениот случај

[1] Осигуреникот на кој му се случил несреќен случај или болест мора веднаш да се јави кај лекар поради лекување. Должен е да го пријави несреќниот случај кај осигурувачот со предвиден образец, кога тоа ќе му го дозволи здравствената состојба.

[2] Ако осигуреникот умре, пријавата ја предава лицето кое се погрижило за превоз, односно погреб и воедно приложува докази за вистинските трошоци.

[3] Барањето за поврат на трошоците за лекување осигуреникот го предава, по враќањето во неговата земја. Мора да ги приложи оригиналните сметки за вистинските трошоци за лекување.

## член 6: исплата на сумите на осигурување

[1] Ако осигуреникот умре во странство поради несреќен случај, осигурувачот ги враќа трошоците за погреб и превоз на лицето кое ќе докаже дека се погрижило за погребот, односно превозот. Можната разлика до сумата, која на полисата е наведена за случај смрт од несреќен случај, му се исплаќа на корисникот за случај на смрт кој е наведен на полисата.

[2] Трошоците за лекување осигурувачот ги враќа на осигуреникот или здравствената установа, ако осигуреникот го овласти за таква исплата.

[3] Трошоците за лекување, превоз и погреб може да се исплатат во валутата на државата каде што настанале овие трошоци во согласност со важечкиот курс на денот на исплатата.

## член 7: примена на општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

За осигурувањата склучени согласно овие Дополнителни услови се применуваат и Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Дополнителните услови.

## член 8: важност на условите

Овие Дополнителни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.